I.P Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori"

Бр.-Nr. 04-358/11

11.08 20 23 год.-viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 188 став 6 , член 212 став10 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ број 104/19, 146/19,275/19,бр302/20,бр.311/20,161/21,294/21,99/22,236/22и65/23),а во врска со член 8 став 5 од Колективниот договор за социјална заштита ( Службен весник на РСМ број249/19) , ВД Директорот на ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје донесе

# ОДЛУКА

**за вршење избор на еден кандидат за унапредување по пат на интерен оглас**

1.За работно место Раководител на служба за сместување и згрижување на корисници, стручен службеник од прво ниво,шифра на работно место СО30303А01002 во Служба за сместување и згрижување на корисници во ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје, се избира кандидатот Ирена Алексовска.

2.Избраниот кандидат ќе биде унапреден на работно место од точка еден, по конечноста на оваа одлука.

3.Донесената одлука ќе биде објавена на огласна табла и на интернет страница на ЈУ Детски дом„ 11 Октомври" Скопје и ќе се достави до кандидатот кој е избран.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје, по добиеното Известување за обезбедени финансиски средства број 03-326/1 од 11.07.2023 година, донесе Одлука за пополнување на слободно работно место по пат на објавување на интерен оглас за еден давател на јавни услуги од категоријата А,стручни-(Одлука број04-358/1 од03.08.2023 година) и на својата интернет страница и на огласна табла на ден 04.08.2023 година, објави интерен оглас број 1/2023 година,- за пополнување на слободно работно место по пат на објавување на интерен оглас за 1(еден) давател на јавни услуги од категоријата А стручни -шифра на работно местоСО30303А01002-Раководител на служба за сместување и згрижување на корисници во ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје. ВД Директорот на ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје, со решение број 04-358/5 од 04.08.2023 година формира Комисија за селекција за унапредување на 1(еден) давател на јавни услуги од категоријата А стручни,- по пат на интерен оглас.

Комисијата за селекција за унапредување на 1(еден) давател на јавни услуги од категоројата А стручни по пат на на интерен оглас, согласно член 212 од Законот за социјална заштита ја спроведе постапката во две фази: административна селекција и интервју за наведеното работно место.

По спроведената постапка, Комисијата состави Предлог на кандидат за вработување број 04-358/10 од 11.08.2023 година, во кој на ВД Директорот му предлага да изврши избор на единствениот кандидат кој ги исполнуваше сите услови наведени во интерниот оглас (по успешно поминување на двете фази од постапктата:-административна селекција и интервју),-на работното место -Раководител на служба за сместување и згрижување на корисници- стручен службеник од прво ниво во Службата за сместување и згрижување на корисници во ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје.

Врз основа на предлог кандидатот за унапредување број 04-358/10 од 11.08.2023 година, и во согласност со Годишниот план за вработување на Установата за тековната година, ВД Директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднсесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена по приемот на оваа одлука.

ВД Директор
Соња Стамевска

**Одлуката да се достави до:**
- Избран кандидат
- досие, архива
-огласна табла